РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3252/4
20-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 09-3252/1 од 02.09.2021 година, оформен врз основа на сопствена иницијатива против лицето ------- --------, член на Управен одбор во ------ -- ------- -- ---- --------- и претседател на Сојуз за ------ ------ -----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-3252/1 од 02.09.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ------- --------со бр. 09-2829/1 од 16.08.2021 година и оформи предмет против него поради основи за сомневање дека станува збор за состојба на судир на интереси, затоа што горе споменатото лице е член на Управен одбор во ------ -- ------- -- ---- --------- и претседател на Сојуз за ------ ------ -----.

Со цел утврдување на фактичката состојба за тоа дали во конкретниот случај има состојба на судир на интереси, со тоа што ------- -------- како член на Управен одбор во ------ -- ------- -- ---- ---------можел да влијае за исплаќање на финансиски средства на ------ ------ ------ каде што е Претседател, Државната комисија се обрати до Агенцијата со барање за податоци и информации со број 09-3252/2 од 16.09.2021 година.

Во законски предвидениот рок, Агенцијата достави одговор на барањето во кој наведува дека Агенцијата не располага со средства наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, ниту пак предвидува такви средства во Буџетот. Според тоа Агенцијата нема доделено никаква финансиска помош или поддршка на ниту едно здружение, вклучително и Сојузот на ------- ------ ------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

При повторно разгледување на прибавените одговори и имајќи го во предвид погоре изнесеното, на седницата одржана на ден 13.05.2022 година, ДКСК утврди дека во конкретниот случај не се утврдени законски побреди.

Поради тоа, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК